**ИЗЛОЖБИ**

# ДАЛЕКУ ОД ВООБИЧАЕНИОТ КИЧ

***- Фотомедија 2000, Галерија Остен, Скопје***

Ако погледнеме наназад кон изложбите на „уметничка“ фотографија кај нас во изминативе неколку години (особено минатогодишните), во повеќето од нив можеме да забележиме сè поголемо присуство на секакви фотографии, само не уметнички. За жал, синоним за фотографија на нашиов простор полека стануваат дела коишто агресивно и по порачка ги експлоатираат разните актуелни теми, пред сè, социјалните. Во ред, социјалниот аспект е битен, но не и кога ја надминува границата на кич и воено профитерство и се сведува на обично документирање на трагедијата на „новите“ балкански војни, а особено на бегалците, без кои стана незамислива која било фотографија. И повторно - за жал, ваквите изложби сè почесто се организираат во реномирани уметнички институции, кои, од друга страна, упорно тврдат дека уметничката фотографија „замира“.

Меѓународната изложба на фотографска уметност „Фотомедија 2000“ покажува дека, сепак, постои надеж за одржување во живот на овој медиум и на неговите естетски критериуми. Оваа голема манифестација (8-ма досега) изложува фотографии на автори од различни земји со (конечно!) сериозен авторски пристап. Квантитетот во овој случај изобилува со квалитет и изложбата зрачи со чисто ликовни сензации.

На прв поглед може да се забележи „класичноста“ на изложените фотографии (без дополнителни компјутерски дотерувања), кои го ставаат авторскиот пристап кон работата на прво место. Со основните елементи: кадар, експозиција, светло-темно, перспектива, композиција; иако традиционални според својата природа, наспроти сите актуелни тенденции, изложбата покажува дека фотографијата сè уште постои независно од другите медиуми. Во овој случај не се работи за „истегнување“ на фотографскиот медиум во други интермедиумски сфери, поткрепени со постмодернистички толкувања, туку за чисто класично/носталгично регистрирање на нештата во времето и просторот, со нагласени live-претстави



и помали експерименти со традиционално сфатената „уметничка“ фотографија. Темите остануваат исти: портрети со психолошка анализа на моделот, суптилни актови, фигури, пејзаж, архитектура, социјални теми како неизбежен сегмент на животот, но со поинаков естетски принцип.



Естетиката во изложените фотографии е присутна преку нагласени ликовни (сликарски) елементи: композиција (сликарска, а понекогаш и скулптурална), светлина (караваџовско акцентирање на ликовите), графичка идентификација (со предметот), градација на тонови и валери (на боја), поетичност. Токму во комбинацијата на сликарските елементи и индивидуалната експресивност и креативност произлегуваат дела, кои се повеќе од обично носталгично бележење на минатото. Пред сè, поради естетската убедливост, стоиме пред изложените дела прашувајќи се, според Ј. Денегри „дали тоа се фотографии со кои се стреми да ѝ се дадат изглед и функција на сликата или, пак, овде се работи за еден вид сликарство, кое класичните помагала ги заменува со механичкиот инструмент на фотоапаратот“.

Изложбата би била одлична кога не би биле присутни повторно некои претерувања, без кои кај нас очигледно не се може. Не спорејќи за техничкиот карактер, сметам дека фотографии со приказ на моторски трки се сепак премногу за една ваква суптилна изложба и воопшто не одат во прилог кон општиот позитивен впечаток.

Маја ЧАНКУЛОВСКА